Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 9<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Монетите во мојата земја</td><td colspan="2">Одделение: I</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.<br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин.</td><td>Ги препознава сите монети</td><td>Можам да ги препознаам монетите што се користат во мојата земја<br><br>Можам да ги пронајдам сите монети според вредноста и да ги разликувам</td><td>Проверување домашна работа и повторување од минатиот час.<br><br>Во сад имам ставено вистински монети со различна вредност (1, 2, 5, 10 и 50 денари). Секој ученик зема по една монета и барам да ја каже вредноста на монетата, како и да ја покаже и опише предната и задната страна на избраната монета.<br><br>Потоа од децата барам, зависно од вредноста на монетите што ги избрале, да се наредат во редица од најмала до најголема вредност.<br>Од учениците барам да се групираат според вредноста на избраните монети (тие што имаат одбрано 1 денар се во една група итн).</td><td>З<br><br>З/И<br><br><br><br><br>З<br><br><br>З/Г</td><td>Сад со монети (1, 2, 5, 10 и 50 денари)<br><br>Учебник</td><td>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="2">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td colspan="2">Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Заедничка; Групна; Индивидуална</td><td colspan="2">Работа во учебникот.</td><td colspan="2">Денари: 1, 2, 5, 10 и 50 денари.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 9**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Запознавање со монетите** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети<br><br><br>Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката | Можам да ги препознаам сите монети<br><br>Знам да пресметувам како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br><br>Можам да користам соодветни стратегии за пресметување и да ја објаснам постапката | Проверување домашна работа. Повторување од минатиот час.<br><br>Активности за згревање, учениците ги вадат монетите на своите клупи, ги препознаваат и именуваат. На поставеното прашање од страна на наставникот ги препознаваат и ги креваат во рака монетите од 1 денар, 2 денари, 5 денари, 10 денари, 50 денари. Наставникот ја истакнува целта, а насловот го запишува на таблата. Запознавање со монетите. Наставникот ги црта на таблата монетите од нашата држава и под нив ја запишува нивната вредност. Учениците ја копираат предната страна и задната страна на монетите. Следуваат активности со монетите. Учениците ги собираат помалите монети во вредност на поголема монета: 1 денар + 1 денар = 2 денари, 2 денари + 2 денари = 4 денари итн. Групирање на помали монети во поголеми. Активности со монетите. Игра - На пазар: Како може да се платат јаболката кои чинат 50 денари со монети? Учениците во почетокот работат со помош на наставникот, а потоа продолжуваат да играат самостојно. | З<br><br><br><br><br>З/П<br><br><br><br>И/З<br><br><br>Г/И | Монети од 1 денар, 2 денари, 5 денари 10 денари и 50 денари<br><br><br>Монети со соодветна вредност (вистински, не пластични)<br><br><br>Мали садови за издвојување | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Заедничка; Групна; Индивидуална | | | Со твојот родител оди во продавница, забележи ја цената на некои производи и набљудувај го процесот на купување и плаќање. | | Поими - Денари: 1, 2, 5, 10 и 50 денари. | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 9<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Вредност на монетите | | Одделение: I | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин.<br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети | Можам да собирам монети и да ја запознаам нивната вредност | Проверување домашна работа и повторување од минатиот час.<br><br>Децата ги делам на 4 групи и секоја група има по една монета со различи вредности (1, 2, 3, 5, 10, 50 ден). Тие ги разгледуваат, ги опишуваат и секој ја кажува вредноста на секоја монета. Потоа играме игра продавница, секоја група има производи со различна вредност, а децата треба со монетите да го купат посакуваниот производ и да дадат точен број на монети колку што вреди истиот.<br><br>На крајот децата ги прецртуваат монетите со помош на хартија и молив со сенчење. | З<br><br><br>Г<br><br><br><br><br><br><br><br>И | Хартија<br><br>Моливи<br><br><br>Учебник<br><br>Монети | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |

| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| Заедничка; Групна; Индивидуална | Работа во учебник. | Денари: 1, 2, 5, 10 и 50 денари. |

| **Седмица 9**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Како ќе платиш** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети<br><br><br><br>Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br><br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката | Можам да ги препознаам сите монети.<br><br><br><br>Знам да пресметувам како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br><br><br>Можам да користам соодветни стратегии за пресметување и да ја објаснам постапката | Активноста ја започнувам со разговор од посетата во продавницата. Од добиените одговори се доаѓа до истакнување на целта и ја запишувам на табла, а учениците во тетратките - Како ќе платиш? Учениците се делат по групи. Секоја група си одредува продавач и купувач. Учениците ги користи монетите од 1 ден., 2 ден., 5 ден., 10 ден. и 50 ден. Секој купувач купува по нешто и го плаќа, но како? Пр: 1кг јаболка + 1кг портокали = 2кг или 10 ден + 10 ден = 20 ден. или пак 10 ден. + 10 ден + 50 ден = 70 ден. Овде преовладува собирањето во обемот на единици и десетки.<br>При работа со учениците се стекнаа со знаење и искуство како може да се плати производ купен во продавница или на пазар.При работата се користи и вага. Останатите групи купуваат и плаќаат на ист начин како првата група.<br><br>При работата на играта учениците имаат помош од наставникот, но во поголем дел самостојно работат.<br><br>Учениците индивидуално цртааат монети или пак ги копираат од двете страни. | З<br><br><br><br><br><br><br><br><br>З/П<br><br><br><br><br>И/З<br><br><br>Г/И | Монети од 1 денар, 2 денари, 5 денари, 10 денари и 50 денари<br><br><br><br><br>Монети со соодветна вредност (вистински, не пластични)<br><br><br>Вага | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Заедничка; Групна; Индивидуална | | | | | Поими - Денари: 1, 2, 5, 10 и 50 денари. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 9**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Задачи со монети** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети<br><br>Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката | Можам да ги препознаам сите монети<br><br>Знам да пресметувам како да се плати точна сума со користење на помали монети<br><br>Можам да користам соодветни стратегии за пресметување и да ја објаснам постапката | Проверување домашна работа. Повторување за монетите како платежно средство што го користиме во нашата земја. Какви се, во колкава вредност ги има, што можеме да купиме за одредена монета и сл.<br>На табла пишувам задачи, учениците ги решаваат самостојно, а како проверка еден решава на табла.<br><br>1 д. + 7 д. = 8 д.<br>10 д. + 3 д. + 7 д. = 10 д. (од овој тип).<br>Миле сака да си купи гума за џвакање од 2 ден. и лижавче од 5 денари. Колку денари му требаат?<br>Ана има 10 ден. Си купила смоки од 6 ден. Колку ѝ останале?<br>Кире имал 3 ден. Баба му му дала 2 ден, а мајка му 4 ден. Колку има сега?<br>Иле имал монети од 2 ден, 5 ден и 10 ден. Со која монета може да си купи молив од 7 ден?<br>Задачите ги решаваат манипулативно со помош на монети. | З<br><br>З/И<br><br>И/З | Монети од 1 денар, 2 денари, 5 денари, 10 денари и 50 денари<br><br>Монети со соодветна вредност (вистински, не пластични)<br><br>Тетратка<br><br>Табла | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Постапи по барањата во учебникот. | | Поими - Денари: 1, 2, 5, 10 и 50 денари. Повеќе, помалку, собира, одзема, потрошил, му требаат. | |